SONY 4-477-755-**11**(1)

Дополнителен комплет

Упатство за употреба

LITHIUM ION

©2013 Sony Corporation

http://www.sony.net/

ACC-DCBX

*4477755**11**

A



B



C



D



E



Македонски

ACC-DCBX е испорачан со следниве додатоци:

ACC-DCBX

Батерија на полнење (NP-BX1) (1)
DC полнач за патување (BC-DCX) (1)
Адаптер за батерии за во кола (DCC-UD10) (1)
Микро USB кабел (1)
Комплет печатени документи

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За намалување ризик од пожар или електричен шок,
1) уредот не го изложувајте на дожд или влага.
2) врз апаратот не ставајте предмети полни со течности, како на пр. вазни.

Батериите не ги изложувајте на прекумерна топлина како на пр. сонце, пожар или сл.

< Забелешка за купувачите во земји кои ги применуваат ЕУ директивите >

Овој производ е произведен од Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Јапонија. Пријава поврзана со усогласеноста на производот врз основа на законодавството на ЕУ треба да ги адресирате до овластеното претставник Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Германија. За сервис или гаранција обратете се на адресите наведени во сервисната книшка или гарантниот лист.

За купувачите во Европа

Исфрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската унија и други земји со посебни собирни центри)

Овој симбол на производот или на неговото пакување укажува дека тој не треба да се третира како обичен домашен отпад. Тој треба да се однесе во посебен собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно исфрлање на овој производ, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. За подетални информации околу рециклирањето на овој производ, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

Овој производ е тестиран и е во согласност со ограничувањата поставени со ЕМС регулативите за користење на кабел за поврзување пократок од 3 метри.

NP-BX1

Спецификации

Максимален излезен напон: DC 4.2 V / Номинален излезен напон: DC 3.6 V / Капацитет: 4.5 Wh (1,240 mAh) / Работна температура: 0 °C до 40 °C / Димензии (Приближ.): 29.9 mm × 9.2 mm × 42.7 mm (ш/в/д) / Маса: Приближ. 25 g

BC-DCX

Ви благодариме за купувањето на Sonyсполнач.

Пред да почнете да го користите полначот прво внимателно прочитајте го ова упатство и зачувајте го за понатамошна употреба.

Забелешки за користење

Овој уред нема спецификација за отпорен на прашина, прскање или вода.

Гаранција за снимената содржина

Снимената содржина не може да се надокнади ако снимањето или репродукцијата не се направат поради дефект на батеријата, полначот и т. н.

Каде да не го ставате овој уред

Овој уред не го ставајте на следните места, без разлика дали се користи или чува. На ваков начин може да предизвикате дефект.

- На директна сончева светлина или во близина на апарати за топлење бидејќи овој уред може да се деформира или распие
- Каде што има прекумерна вибрација
- Каде има јаки електромагнетни зраци или радијација
- Каде што има прекумерен песок
  На места како што е песочна плажа или други песочни места или каде што има обилни од прашина, заштитете го уредот од песок и прашина. Има ризик од дефект.

Мерки на претпазливост

- Цврсто прикачете ја батеријата во овој уред кога ја полните
- Не дозволувајте да ви падне или да предизвикате механички шок.
- Уредот држете го подалеку од TV или AM ресивери.
  Бучава одовој уред може да влезе во ТВ или радиото ако е во близина.
- Внимавајте да не дојде било каков метален предмет во контакт со металните делови на овој уред. Ако се случи ова, може да се случи спој и овој уред да се оштети.
- Батеријата и уредот за време или веднаш по полнењето на батеријата може да се затоплат.

Одржување

- Ако во уредот влезе нечистотија, избришете ја со мека сува ткаенина.
- Ако уредот се испрља премногу, избришете го со ткаенина малку навлажнета со детергент и вода и потоа исушете го.
- Не користете разредувачи, бензин, алкохол и т.н. бидејќи може да ја оштетат површината на уредот.
- Кога користите хемиска ткаенина за чистење, видете во упатството за употреба.
- Со користење на испарлини растворувачи како на пр. инсектицит или ако уредот го држите во контакт со гумени или винилски производи подолго време може да предизвика обезбојување или оштетување на уредот.

За полнење на батеријата

Внимавајте батеријата правилно да ја прикачите во полначот пред да го поврзете микро USB кабелот.

1 Прикачете ја батеријата во полначот.
Лизгајте го горниот капак на полначот да се отвори.
Држете ја ознаката на батеријата ▼ во ист правец како и ознаката ▼ на полначот, ставете ја батеријата во полначот се додека не се заклучи.
Лизгајте го горниот капак на полначот во спротивна насока да се затвори. (Видете сл. **A**)

2 Поврзете микро USB кабел (испорачан) во уредот и потоа во USB уредот за полнење (компјутер, USB AC полнач). (Видете сл. B)
CHARGE индикаторот (портокалов) светнува и полнењето почнува. Кога CHARGE индикаторот ќе се исклучи полнењето е завршено.

За вадење на батеријата

Откачете го микро USB кабелот од уредот и потоа лизгајте го горниот дел од капакот на полначот да се отвори.
Нежно притиснете ја батеријата во насока на ознаката ▼, подигнете го крајот на батеријата да се откачи од стегачот на полначот и потоа лизгајте ја батеријата од полначот.
Лизгајте го горниот капак на полначот во спротивен правец да се затвори.

Совет

DC полначот за патување (BC-DCX) исто така може да се користи како заштитна кутија кога ја носите батеријата.

Време за полнење

Батерија	NP-BX1
Време за целосно полнење (Приближ.)	155 мин. (Преку AC-UD10, AC-UD11) 230 мин. (Преку компјутер, AC-UB10)

- Повеќе за траење на батеријата видете во упатството за употреба на камерата.
- Времето за полнење може да се разликува во зависност од условите на батеријата или температурата на амбиентот.
- Прикажаното време е за полнење на празна батерија која е испразнета со апаратот, со помош на овој уред на температура од 25 °C.

Време на полнење
Опсегот на температурата за полнење е 0 °C до 40 °C.
За максимална ефикасност на батериите препорачаниот опсег на температура кога полните е 10 °C до 30 °C.

За брзо користење на батеријата

Може да ја извадите батеријата од уредот и да ја користите дури и ако полнењето не е комплетно. Но, времето за полнење клиже врз времето кое може да ја користите батеријата.

Забелешки

- Ако индикаторот CHARGE не светне проверете дали батеријата цврсто е прикачена на уредот и откачете го и повторно прикачете го користо USB кабелот.
- Кога ќе ставите батерија која целосно е наполнета, индикаторот CHARGE светнува еднаш и потоа се исклучува.
- Батерија која не се користи подолго време може да и треба подолго време за полнење од обично.
- Наполнета батерија постепено се троши дури и кога не се користи. Наполнете ја батеријата пред употребата да не пропуштите момент за снимање.

Проблеми и можни решенија

CHARGE индикаторот (портокалово) не се пали

- Батеријата целосно е полна.
- Проверете дали микро USB кабелот (испорачан) цврсто е поврзан во уредот и во USB уредот за полнење.
- Уредот директно поврзете го со компјутер, не преку USB хаб.
- Ако температурата во собата е надвор од соодветниот опсег на температура, полнењето автоматски запира.
  Кога температурата во собата ќе се врати во соодветниот опсег, CHARGE индикаторот светнува и полнењето повторно почнува.
  Ние препорачуваме полнење на батеријата на 10 °C до 30 °C.

Спецификации

Влезен напон	DC 5 V
Излезен напон	Терминал за полнење батерија: DC 4.2 V 0.86 A
Работна температура	0 °C до 40 °C
Температура на чување	−20 °C до +60 °C
Димензии (Приближ.)	36 mm × 70 mm × 13.5 mm (ш/в/д)
Маса	Приближ. 17 g

DCC-UD10

Пред да почнете да го користите полначот прво внимателно прочитајте го ова упатство и зачувајте го за понатамошна употреба.

Со поврзување на овој Адаптер за батерија за во кола DCC-UD10 во полначот за батерија (DC полнач за патување BC-DCX и т.н.) со Микро USB кабел испорачан со овој уред, може батеријата да ја полните од запалката.
Со поврзување на овој Адаптер за батерија за во кола DCC-UD10 во компатибилен дигитален фотоапарат со Микро USB кабел испорачан со овој уред, може со дигиталниот фотоапарат да снимате додека апаратот се напојува од запалката.

За намалување ризик од пожар не ја покривајте вентилацијата на апаратот со весници, прекривки, завеси и т.н. И не ставајте запалена свечка врз апаратот.
За намалување ризик од пожар или електричен шок врз апаратот не ставајте предмети со течности како на пр. вазни.
Да избегнете електричен шок не го отварајте куќиштето. Обратете се во квалификуван сервис.

Мерки на претпазливост

За безбедност

- Откачете го уредот од запалката ако не го користите. За да го откачите уредот фатете го и поклечете го. Никогаш немојте да го поклекувате кабелот.
- Доколку течност или цврст предмет паднат во уредот, откачете го од запалката и однесете го уредот на проверка кај квалификуван сервисер пред да продолжите со употреба.

Инсталација

Адаптерот за батерија за во кола не го ставајте на места каде е:

- Изложен на висока температура. (Пр. во автомобил со затворени прозори)
- Изложен на директна сончева светлина или во близина на топлотни извори.
- Изложен на механички вибрации или шок.
- Изложен на прекумерна прашина.

Работа

- Проверете дали штекерот одговара на струјата и напонот на полначот за батерии или дигиталниот фотоапарат кој сакате да го поврзете во адаптерот за батерии за во автомобил.
- За безбедност, ако влезниот напон е премногу висок, уредот автоматски ќе се исклучи.
- Да спречите штета, внимавајте да не ви падне или во спротивно може да предизвикате механички шок.
- По употреба откачете го уредот од запалката и опремата.
- Откачете го уредот од запалката фаќајќи го самиот уред. Не влечете за кабелот.
- Да избегнете краток спој, не дозволувајте терминалите на уредот или конекторите да дојдат во допир со метален предмет.
- Запомнете дека подотоците зачувале во дигиталниот фотоапарат поврзан во овој уред, може да се изгубат или оштетат ако го запалите моторот или исклучите додека уредот е ставен во запалката.

Чистење

- Уредот чистете го со мека и сува ткаенина. Ако уредот е многу валкан, избришете го со мекта ткаенина малку навлажнета со благ раствор од детергент и потоа избришете го мека сува ткаенина.
- Не користите никакви растворувачи како на пр. алкохол, разредувач или бензин бидејќи може да ја оштетите површината на куќиштето.
- Ако користите хемиско средство, придржувајте се до инструкциите наведени на самиот производ.
- Ако куќиштето или уредот се испрска со било каков растворувач како на пр. инсектицид или има допир подолго време со гума или винил, површината на куќиштето може да се оштети.

Како да го користите

Полнете го уредот со вклучен мотор. Ако уредот се остави приклучен во запалката кога моторот не работи, може да се напојува преку акумулаторот.

Забелешки

- Проверете дали адаптерот за батерија за во кола безбедно е ставен да не пречи при возењето.
- Никогаш не поврзувајте или полните додека возите.

Полнење на батеријата (Видете сл. C)

1 Ставете го адаптерот за батерија за кола во запалката.
POWER индикаторот светнува зелено.

2 Поврзете го адаптерот за батерија за кола во полначот за батерии со помош на микро USB кабел испорачан со овој уред.
Поврзаниот полнач за батерија ставете го на безбедно место.

Напојување на фотоапаратот (Видете сл. D)

1 Ставете го адаптерот за батеријата за кола во запалката.
POWER индикаторот светнува зелено.

2 Поврзете го адаптерот за батерија за кола во Фотоапаратот со помош на мкро USB кабелот испорачан со овој уред.
Прикачете го поврзаниот фотоапарат во делот за монтирање за во кола и ставете го на безбедно место.

3 Ставете го фотоапаратот да се дополни.
Видете во упатството за употреба на фотоапаратот за детали.
Некои модели немаат потреба од дотерување за дополнување.
• Вашиот фотоапарат може да не е опишан во ова упатство.

Кога не го користите адаптерот за батерија за кола

За избегнување неочекувано трошење на батеријата за кола, откачете го уредот од запалката кога не го користите.

Кога ќе го исклучите моторот

Откачете го уредот од запалката секогаш кога моторот на автомобилот не работи. Во зависност од типот на автомобилот, дури и ако моторот е исклучен, напојувањето може да не се исклучи автоматски. Во овој случај, ова може да предизвика неочекувано трошење на батеријата за во кола.

Забелешки

- Приклучете го безбедно во запалката.
- Овој уред може да не се вклопи, во зависност од местото или формата на запалката.
- Безбедно поврзете го полначот за батерии или фотоапарат така што нема да се помести при нагло кочење.
- Внимавајте да го насочите микро USB кабелот да не смета при возење или да не го оштети при прилагодување на седиштето.
  Никогаш не го влечете или поклекувајте микро USB кабелот поврзан во уредот. Вака може да предизвикате дефект или превиен на жештет.
- Полнач за батерија или фотоапаратот не го користите на места изложени на течност или влага да избегнете пожар или електричен шок.
- Не се гарантира изведба во случај кога користите USB хаб или USB продолжен кабел. Следете ги методите за поврзување наназначен за полначот за батерија или фотоапаратот.
- Овој уред може да се затопли при употреба. Ова не е дефект.

Замена на осигурач (Видете сл. E)

Ако овој уред не работи правилно проверете го осигурачот на адаптерот за батерија за кола.
Ако осигурачот не е исправен заменете го.

1 Повлечете го уредот од запалката.
2 Откачете го крајот од приклучот со вртење спротивно од стрелките на часовникот.
3 Извадете го осигурачот.
4 Проверете го осигурачот.
Ако осигурачот е расипан, одете до чекор 5.
Ако осигурачот е расипан одете до чекор 6.
5 Ставете нов осигурач.
Use a fuse of the correct amperage, as stated on the fuse compartment of this unit (1 A, 125 V, 20 mm).
6 Ставете осигурач.
7 Повторно прикачете го крајот на приклучокот вртејќи го во насока на стрелките на часовникот.

Забелешки

- Со користење на осигурач со повеќе ампери може да предизвикате повреда или пожар.
- Не користете парче жица наместо осигурач.
- Ако заменетиот осигурач повторно изгори, обратете се кај продавачот.

Specifications

Влезен напон	DC 12 V/24 V (само за негативно заземјени автомобили)
Номинална излезен напон	DC 5.0 V
Номинална излезна струја	1,500 mA

Димензии



Маса Приближ. 40 g

Дизајнот и спецификациите се предмет на измена без претходна најава.